РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4032/1
17.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** - **Јавниот радиодифузен сервис**
- **Комерцијалните телевизиски програмски сервиси на државно ниво што ќе објавуваат платено политичко рекламирање**

**За:** **Директорот/управителот и одговорните уредници**

**Предмет: Известување за обврската за информирње за Локалните избори 2025 на начин прилагоден за лицата со попреченост**

Почитувани,

Ве потсетуваме дека, согласно член 75 став 4 од Изборниот законик, Вашиот програмски сервис има обврска да известува за изборниот процес во формат пристапен за лицата со попреченост. При известувањето за изборите, обврзани сте најмалку едно издание на вестите дневно и една информативна содржина неделно, емитувани во периодот од 16:00:00 до 24:00:00 часот, да ги прилагодите со користење на знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност.

Исто така, пред почетокот на изборната кампања, имате обврска да ја известите Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитувате во формат достапен за лицата со попреченост. Ве молиме ова известување да го испратите до Агенцијата најдоцна до 25 септември 2025 година на електронската адреса: izbori@avmu.mk

Агенцијата, согласно својата обврска (член 75 став 5 од ИЗ), пред почетокот на изборната кампања, на својата веб страница ќе ги објави податоците што ќе ги доставите за да можат граѓаните со попреченост да се информираат кои информативни изданија ќе им бидат пристапни.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување од директорот,**

**Цветанка МИТРЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**